




Св пророк Јона, икона, монахиња Макрина

# Ќе исчезнеме ли и пред да се појавиме?

# одбраната и последните денови,

# МПЦ ВО УТРОБАТА НА КИТОТ

Ако целта на љубовта е: ...двајца едно да бидат, на какво едно се мисли? Едно - единство во љубовта, но не со претопување во идентитетот: кога во Христа стануваме едно, не се губиме како личности, туку напротив, за да станеме едно мораме да бидеме две, и останувајќи две, да станеме нешто трето во новиот идентитет на едното - Христос.

Ако пред вратата на Црквата не го оставиме стариот човек, подобро да не влегуваме внатре. Оти внатре е Царството Божјо. И ако немаме царска облека, Царот може да се налути и да нè избрка.

Има една латинска поговорка: АКО ДВАЈЦА ПРАВАТ ИСТО НЕ Е ИСТО. Si duo faciunt idem, non est idem. Да не случајно Србите кога очекуваат од нас да се откажеме од сопствениот идентитет, не го очекуваат од себеси истото, бидејќи...?! За себеси сметаат дека не се подложни на истите закони (на идентитетот)??? Не е во прашање обичното -иќ, и -ски, и -ов.

Оваа конфигурација на Полуостровот многу заликува на евангелската ситуација меѓу Евреите, коишто исто биле меѓу себе раскарани, и кога дошол Христос всушност им ја покажал апсурдноста на ситуацијата. Но не сите тоа го виделе. И дека Тој со Самата Своја Личност, дека е Син на Отецот, и дека е воплотен Бог, ги укинува сите разлики меѓу луѓето на план на нација, политика, религија и др. Христијанството не е религија.



ЉУБОВТА И ПОКАЈАНИЕТО СЕ ЕДИНСТВЕНИТЕ КВАЛИТЕТИ НА ДУХОТ КОИШТО НÈ СТАВААТ ВО ПОЗИЦИЈА НА БЛИСКОСТ, ОДНОСНО ОДДАЛЕЧЕНОСТ ОД ОНОЈ КОЈ Е, ВИСТИНСКИ.

Ако нацијата и националното му пречи на концептот за обединета Европа, заради тоа што го отежнува процесот (во тек) на создавање универзална економија, религија, и др., во заедницата на обединетите народи, па заради тоа се оди кон исчезнување на нациите, Црквата е таа што преку евхаристиската заедница овозможува „премин на севкупниот човечки род од смрт во живот“ (Х. Јанарас), без оглед на каква и да е биолошка, општествена и историска реалност, или токму заради неа, надминувајќи ја, во нов квалитет. Таа е новиот Израил, народ Божји, чиешто единство повеќе не зависи од племенски елементи (Х. Ј.)

Во колективното несвесно на нашиов регион има дебели слоеви на меѓунационална нетрпеливост, во сите можни правци и насоки, се пука - во духот на Дивиот Запад - од секаде и во сè, за секој случај... Лошо е кога потоа тие состојби на паднатата човечка природа се проектираат внатре во Црквата...

# ЗЛАТНОТО КЛУЧЕ НА ПОКАЈАНИЕТО

Ако се обидеме да се поистоветиме со Србите и да видиме која е можната причина за нивното негирање, што откриваме? Зад маската на канонското непризнавање: **1.** Страв од Грците, без чијашто дозвола (благослов) не смеат тоа да го направат? **2.** Чиста омраза за којашто нема рационално објаснување?

Тоа се манифестации на една опседнатост со идејата за превласт над другите народи, особено кога тие се помалку силни. Прелест. Зошто се мразеле Спарта и Атина, зошто Прилеп и Битола, зошто за братски градови се прогласуваат само оние илјадници km оддалечените? Пловдив и Куманово, да речеме...

И нели се лесно препознатливи библиските архетипови, на пример неподносливоста меѓу Каин и Авел, или односите меѓу Сим, Хам и Јафет итн. Недостасува на моменти само некој одозгора да подвикне: „Каине, Каине, где ти је брат?“ и амбиентот да биде комплетно доловен...

ВО ТОЈ ПОГЛЕД НИЕ СЛОВЕНИТЕ ОВДЕ НА БАЛКАНОТ СМЕ СОСЕМА ВО ИДЕНТИЧНА СИТУАЦИЈА ВО КАКВА ШТО БИЛЕ СЕМИТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА *ПЛОДНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА*, ВО ВРЕМЕТО КОГА ХРИСТОС ДОЈДЕ НА ЗЕМЈАТА. НО ЗОШТО СЕ ОГРАНИЧУВАМЕ НА БАЛКАНОТ? ХРИСТОС ЈА ПРОНЕСЕ БЛАГАТА ВЕСТ НИЗ ЦЕЛАТА ПЛАНЕТА!

Далеку сме ние од тоа да седнеме со браќата на маса и да расправаме за догматски или еклисиолошки теми. Во тој поглед ние Словените овде на Балканот сме сосема во идентична ситуација во каква што биле Семитите во областа на плодната полумесечина, во времето кога Христос дојде на Земјата. Но зошто се ограничуваме на Балканот? Христос ја пронесе благата вест низ целата планета! До краиштата на вселената. Не постојат региони, не постојат граници - во Христа. Но постојат личности, постојат народи, постојат идентитети.

**„Она што ни го дава идентитетот што не умира, не е нашата природа, туку личносниот однос со Бога“** (Јован Зизјулас).

Настрана нашата сопствена неефективност, неагилност и неажурност; тоа дека Македонија се распарчува и се разнебитува не е нова ситуација; милиот Мисирков уште поодамна истрча со досетката дека: *...ако македонската нација не постоела, таа сега пости!* Отсега, па натаму! И кој може тоа да го оспори? Поместувајте ја оваа реченица како што сакате низ времето, ќе го видите истото милје, истата грчка трагедија на наша сцена. Значи и во времето на Мисирков окружието било наелектризирано со исти провокации.

Има една тајна формула за успех, којашто е многу вешто сокриена од очите на светот, и можеби заради тоа и толку малкумина ја спроведуваат во дело: Покајание. ЉУБОВТА И ПОКАЈАНИЕТО не можат едно без друго. Покајанието е клучот што ни ја отвора вратата на Царството на Отецот, Синот, и Светиот Дух. Мерата на нашето покајание и како личности, и како народи, е мера на нашето заедничарење со Господ. Нека ни даде Господ сила, за сите наши не-успеси причината да ја најдеме не во обвинувањето на другите, туку во нашето недоволно покајание.

*Бог, Кој го создаде светот и сè што е во него ... од една крв го создаде сиот род човечки за да живее по целото лице на земјата, откако утврди предопределени времиња и граници на нивното постоење, за да Го бараат Господа, та не би ли некако Го усетиле и нашле, иако Он не е далеку од секого меѓу нас...*

(Дела 17, 24 - 27)

**Од Уредникот**



Уводник: МПЦ во утробата на к и т о т / 3



Небо на небото - Пресвета Богородица / 6

*Синаксис*
Митрополит Струмички Наум / 17





Се упокои во Господа отец Антониј Блум / 26

Старец Порфириј 30

Болеста како предизвик 36

Сидата како начин на живеење 41

За смислата на сè 53

Интервју со професорот Мухиќ 56

Параболата за блудниот син / Гондикакис 68

Духовити поуки 76

Татјана Горичева/ За Бога да се зборува опасно е (2) 80

Тања Битуљану/ Егејска приказна 82

Веронаука - да или не? 86

Оркестарот на Пеце Атанасовски 92

Источно пеење Јане Коџабашија 96

Јанко Илоков: Matrix 102

Дали знаете 108

Вести од помесните Цркви 113

Мали житија 115

Inbox 122



Издава „*Езимит*“ ДОО Скопје
*Главен уредник*: монахиња Макрина Поповска
*Редакција/соработници*: Горан Величковски, Јанко Илковски, Калина Трпеска
д-р Јане Коџабашија, Илинденка Петрушева, монах Агатон Апостоловски
Дизајн: *Студиити* Лектор: М. Е Костова Печати: *Т. С.*

Министерство
за култура на
Република Македонија